Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr 01-3571/2
2022 -08- 17 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 21 став (2) од Законот за Воената академија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/09), а во врска со член 134 став (2) и член 137 став (9) од Законот за високото образование („Службен весник н Република Макоедонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), министерката за одбрана, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВЕН КОНКУРС И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА ГЕНЕРАЛ „МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ“ - СКОПЈЕ

Член 1

Во Правилникот за условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на јавен конкурс и постапката за избор на кандидати за запишување на прв циклус на студии на Воената академија Генерал „Михаило Апостолски - Скопје“ бр. 01-3388/1 од 16.07.2020 година, во член 5 став 2 алинеја 3 зборовите: „дадени во прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник“ се заменуваат со зборовите: „објавена на интернет страницата на Воената академија“

Во став 2 алинејата четири се менува и гласи:

„- со спроведување на приемни испити да се одреди нивото на познавање на математика и англиски јазик.“

Член 2

Во член 10 став 1 се додава нова алинеја еден која гласи „ - успехот од државната матура“.

Алинеите еден, два, три и четири стануваат алинеи два, три, четири и пет.

Член 3

Во член 11 став 3 зборовите „учествува со најмногу 60 поени“, се заменуваат со зборовите „учествува со најмногу 35 поени“.

Во став 4 се додава нова алинеја еден, која гласи:

„ - успехот од државната матура или меѓународната матура, со најмногу 25 поени;“

Алинеите еден, два и три стануваат алинеи два, три и четири.

Член 4

Во член 12 став 2 зборовите: „може да се добијат максимум 60 поени“, се заменуваат со зборовите: „може да се добијат максимум 35 поени“.

Член 5

По член 12 се додаваат два нови члена 12-а и 12-б, кои гласат:

„Член 12-а

Вреднувањето на државната матура се врши на следниот начин:

а) За сите кандидати задолжителен екстерен испит од државната матура е предметот мајчин јазик (Е1).

Другите предмети (екстерни и интерни) кои кандидатите ги избираат при полагање на државната матура, а кои што се значајни за запишување на Академијата се следните:

б) Екстерен изборен предмет (Е2):

- математика (основно ниво), математика (напредно ниво) или странски јазик;

в) Екстерен изборен предмет (Е3):

- за гимназија: математика (ако не е избран како Е2), странски јазик (ако не е избран како Е2), информатика, физика, хемија, историја, социологија и географија.

- за средно стручно образование: математика (ако не е избран како Е2), странски јазик (ако не е избран како Е2), бизнис, информатика, физика, хемија, историја и еден стручен предмет.

г) Интерен предмет (И1):

- за гимназија: математика (ако не е избран како екстерен предмет), странски јазик (ако не е избран како екстерен предмет), информатика, физика, хемија, историја, социологија и географија.

- за средно стручно образование: математика (ако не е избран како екстерен предмет), странски јазик (ако не е избран како екстерен предмет), бизнис, информатика, физика, хемија, историја и еден стручен предмет.

За трите екстерни предмети:

- за кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет што е значаен за студиската програма на која конкурираат, оцената од секој екстерен предмет се множи со коефициент 0,4 и кон тоа се додава перцентилниот ранг на кандидатот (изразен во проценти) за соодветниот предмет поделен со 25.

- за кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет што е незначаен за студиската програма на која конкурираат, поените од тој предмет, добиени според горната методологија, се множат со фактор 0.

По оваа основа можат да се добијат најмногу 18 поени за сите три екстерни предмети.

За интерниот предмет:

- оцената за интерниот предмет што се полага на државната матура, а кој што е значаен за студиската програма на која кандидатот конкурирал, се множи со коефициент 0,8.

- оцената од интерниот предмет што се полага на државната матура, а кој што е незначаен за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множи со

коефициент 0.

По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени.

За проектната задача:

Оцената добиена од проектната задача се множи со коефициент 0,6. По оваа основа можат да се добијат најмногу 3 поена.

Член 12-б

За кандидатите што полагале меѓународна матура вреднувањето се врши на следниот начин: за четири предмети се собираат оценки, добиениот збир се дели со четири, а потоа количникот се множи со 4 (со што се добива најмногу 20 поени) и се додава оценката од матурската тема (5 поени).

На ваков начин можат да се добијат 25 поени."

Член 6

Во член 13 став 1 на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: „за кој има објавено теми за подготовка на интернет страницата на Академијата."

Член 7

Во член 14 став 1 на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: „за кој има објавено општи податоци на интернет страницата на Академијата."

Член 8

Во член 15 став 1 зборовите „е дадени во прилог број 1 од овој Правилник",се заменуваат со зборовите „е дадено во Тест-програма, објавена на интернет страницата на Академијата."

Член 9

Во член 18 став 1 точка 2 на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: „кои ги именува деканот на Академијата."

Во точка 3 , на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите:,кои ги именува деканот на Академијата".

Точка 4 се брише.

По став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„На барање на Академијат приемниот испит по англиски јазик го спроведува Центарот за странски јазици при Командата за обука и доктрина за што се формира комисија составена од три члена."

Член 10

Во член 19 став 1 по зборовите „Военолекарската комисија" се става запирка и се додаваат зборовите: „Комисија за проверка на знаењето по англиски јазик".

Член 11

Во член 20 став 1 зборовите: „и по англиски јазик," се бришат, а точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „за кој има објавено теми за подготовка на интернет страницата на Академијата."

Во став 3 зборовите: „и англиски јазик" се бришат.

Член 12

Во член 21 од Правилникот, по зборовите: „бројот на поени од средното образование (среден успех)", се додаваат зборовите: „бројот на поени од државната матура (среден успех),".

Член 13

Во член 25 став 1 зборовите „дадена во Прилог 1 од овој Правилник" се додаваат зборовите: „кој е објавен на интернет страницата на Воената академија".

Член 14

Во членот 26 став 2 по зборовите: „поени од средното образование (среден успех)", се додаваат зборовите: „бројот на поени од државната матура (среден успех)".

ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 15

Државната матура нема да биде критериум за запишување на прв циклус на студии на Академијата за кандидатите кои завршиле во учебната 2019/2020 година. За кандидатите од став (1) на овој член, општиот успех по сите предмети постигнат во средното образование учествува со најмногу 60 поени.

Член 16

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-3571/2-

21.09.2020

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА

Славјанка Петровска

Изработил: Ирена Тошевска

Контролирал: Емилија Ралева